# 124. СОКОЛ МИ ЛЕТА ВИСОКО

Каракаш, Бранко. Антологија на македонски нардони песни. Скопје: Дега, 1995




Сокол ми лета високо, мори девојко,
сокол ми лета високо
на таја града Кукуша, мори девојко,
над таја града Кукуша,
над Делчевите дворови, мори девојко,
над Делчевите дворови.
Делчево либе убаво, мори девојко,
Делчево либе убаво.

Рамни дворови метеше, мори девојко,
рамни дворови метеше.
Дробни ми солзи ронеше, мори девојко,
дробни ми солзи ронеше
дека е Гоце загинал, мори девојко,
дека е Гоце загинал
во тоа село Баница, мори девојко,
за жална Македонија.

Каракаш, Бранко. Антологија на македонски нардони песни. Скопје: Дега, 1995